392:391.8(497.7)(049.3)
392:391.8(497.6)(049.3)

Катерина Петровска-Кузманова

# Обредите со маски во Македонија и Словачка

## Masked Rituals in Macedonia and Slovakia

**Abstract**: *MARTINOSKA, Ana. Masked Rituals in Macedonia and Slovakia.* Masking in the folk tradition is firmly established because it keeps the connection to pagan rituals and beliefs. The masked rituals are also closely associated with Christianity and the church calendar. In other words, the same elements in different times and in different social circumstances are of different changeable importance. The text is a comparison of masking in Macedonian and Slovak folk tradition, with paying particular attention to the importance and function of masks in rituals.

**Key words**: rituals, folk tradition, anthropomorphic masks, zoomorphic masks, supernatural creatures

**Апстракт**: *ПЕТРОВСКА-КУЗМАНОВА, Катерина. Обредите со маски во Македонија и Словачка.* Маскирањето во народната традиција е цврсто втемелено, бидејќи ја чува врската со паганските ритуали и верувања. Но, истовремено обредите со маски се тесно поврзани со христијанството и црковниот календар. Со други зборови кажано, исти елементи во различни времиња и во различни општествени околности имаат различни променливи значења. Во текстот споредбено се истражува феноменот на маскирањето во македонската и словачката традиција, при што особено внимание се посветува на значењето и функцијата на маските во обредноста.

**Клучни зборови**: *обреди, фолклорна традиција, антропоморфни маски, зооморфни маски, натприродни суштества.*

Ритамот на животот во традиционалната култура е обележан со празнувањата и со нив поврзаните обреди. Тие привремено го прекинуваат востановениот тек на секојдневјето со внесување промена во однесувањето на луѓето. Промените што празнувањата и обичаите ги внесуваат во сивилото на секојдневјето се емотивно обоени, со што тие на себе својствен начин ја хуманизираат и анимираат општествената заедница.[1] Тие се формирале во рамките на митското мислење со помош на симболите и им овозможувале на луѓето во минатото изделување од времето, заборавот на смртноста и учеството во создавањето на светот во новиот почеток. Обредите со маски во Македонија и во Словачка во најголем дел се поврзани со позначајни црковно–календарски датуми. Сепак, во нивното јадро можат да се најдат елементи на древноста кои дури подоцна биле подложени на христијанизација. Но, исто така, може да забележиме дека тие никогаш не биле до крај христијанизирани. Според тоа, поворките со маски се цврсто втемелени во традицијата на народите, бидејќи ја чуваат врската со предхристијанските ритуали и верувања. Несомнено е дека маските и различните форми на маскирање се стари колку и самото човештво. Тие, како и сите фолклорни творби, биле изложени на промени и приспособувања, исто како што верските и световните доминантни слоеви отсекогаш влијаеле врз ритамот на секојдневјето и традиционалните празнувања во народната култура.

Во народната култура се смета дека оној што ја носи маската се ослободува од својата индивидуалност и се изедначува со ликот што го изразува или претставува. Со маската може да се постигнат застрашување и смеа, но маската може да им служи и на вишите сили или да ги штити луѓето од нив. Етнолошките истражувања кои се движат во оваа насока ни даваат голем број податоци за функцијата на маските во минатото. Благодарение на овие истражувања, можеме да ја процениме улогата на маската во верувањата и обредите, како и начинот на кој таа функционира во нивната знаковна структура. Сублимирано може да се каже дека менувањето

[1] LOZICA, Ivan. *Hrvatski karnevali*. Zagreb 1997. str. 8.

на годишните времиња, особено преминот од зима во пролет, секоја година во различни делови на Европа се означува со различни обреди во кои значајна улога имаат маскираните ликови. Денес традицијата на маскирање е распространета низ просторот на Европа, а компаративните истражувања покажуваат особености кои се локални, национални, регионални, но и општочовечки. Веднаш на прв поглед може да се каже дека во општите црти спаѓаат: маските, веселбата, хуморот, широкиот круг, пасивни и активни учесници. Иван Лозица[2] забележува дека колку што подобро ги познава обредите и обичаите, толку во нив забележува поголема заедничка основа. Поединостите ја прават разликата со своето богатство и разновидност, па создаваат полов, локален регионален и национален идентитет на културните сегменти, но тие се подложни на менување, преку историските актуализации и варијации. Во сличностите тој ја препознава основата која е постабилна од разликите и многу потрајна од нас смртниците, а која се доживува како архетипски вечен, надисториски и надвременски дел од човековата свест.

Маските не се создадени еднаш засекогаш. Тие се менуваат во различните општества и имаат различни значења. Развојниот процес на маските почнува со тотемистичките маски на праисториските ловци, продолжува со манистичките маски на предците и анимистичките маски на аграрниот култ, а процесот трае до денес. Според ликовите што се појавуваат во маскираните поворки, тие се делат на: маски со нехристијанско потекло (тука спаѓаат антропоморфните ликови: баба, дедо, невеста зет и др.; зооморфни маски како: мечка, елен, коза, овца, волк и сл. и фитоморфни: човек од слама), мистериозни и натприродни маски (дух, ѓавол, ангел) и маски со христијанско потекло, како што се ликовите на св. Миклош, св. Никола, Исус, Марија, Тројцата кралеви и др. Тоа ни покажува дека освен со паганските култови и верувања, тие се тесно поврзани со христијанството и црковниот календар.

Во обредната практика, може да ги согледаме народните претстави кои се непосредно поврзани со постоењето на различните метаморфози од типот човек-животно, во периодот на божиќните и велигденските празнувања. Веројатни извори на овие маски се наоѓаат во тотемизмот и анимизмот на предците. Во старите зоолатриски култови на ловечките култури, човекот по својата смрт станува сопствен тотем, а маската на животното што ја носи ги претставува предците. Нивната првична функција е забележана во обредите кои го претставувале „магискиот лов". Маскирањето во одредени животни, според општоприфатеното мислење, е поврзано со магијата на плодноста и се смета за најстаро. Во обредите со маски, исто така одредени делови од животните стануваат составен дел од костимите на маскираните поворки: роговите, крзната, опремата на домашните животни, кои исто така често се користат и како реквизити. При зооморфното маскирање, честа е употребата на крзно и превртени овчи кожуви. „Зооморфното маскирање во Словачка е типично за две сезони за зимските церемонии и за карневалските процесии. Двата типа се во релација со агрикултурната магија. Нејзината цел е да обезбеди плодност и просперитет. Животинските маски доминираат во карневалите"[3]. Култот на мечката е еден од најдревните и најразвиените. Во митологијата често симболиката на мечката, слично како и на змијата и змејот, го означува плодородието. Мечката претставува централна маска во Словачка. Овој лик е типичен за некои од словачките региони и најчесто ги предводи карневалските поворки. Маската на мечката го зазема централното место во карневалската традиција и станува симбол на карневалот.[4] Создавањето на култот кон ова животно, според Марозов, се јавило напоредно кај различните народи. Овој култ во античката митологија е поврзан со Артемида и нејзината сопатничка Калисто. Во словенската митологија, исправената мечка (каква што е маската присутна во словачките маскирани поворки) е олицетворение на машкото божество Волос, како териоморфен и антропоморфен лик, кој истовремено е господар и чувар на шумата[5]. Според ова, може да се каже дека ликот на мечката со своето однесување е сроден со антропоморфните маски. Бароја смета дека појавата на ликот на мечката за време на обредите со маски изворно има апотропејски карактер, односно преку него овчарите го заштитувале

[2] LOZICA, Ivan. *Poganska baština*. Zagreb 2002. str.114.

[3] PANČUKOVÁ, Eva. *Masks in Slovak customs*, In БОЦЕВ Владимир (ед.) *Маски*. Скопје 1996. p. 85.

[4] PANČUKOVÁ, *Masks in Slovak customs*, p. 85.

[5] DE SIKE, Ivonne. *Fetes et croyances populaires en Europe au fil des saisons*. Torino 1995. p. 82-83.

стадото[6]. За Словачка, исто така, е карактеристична маската на говедо (torun). Оваа маска на некои места ја заменува маската на мечката, додека во други региони тие постојат паралелно. Според својата функција, и двете маски ги симболизираат просперитетот и плодноста[7]. Двете маски паралелно се јавуваат во божиќните паради во северните региони на Словачка и во карневалските паради во Черни Балог, како и во некои села во поширокиот регион. Во ареалот на Спишка Магура, Раечка Долина и Бистричка Долина, оваа маска се појавува самостојно. Курет истакнува дека турон (turon) е главна животинска маска која освен во Словачка ја наоѓаме и во Полска, Украина, па дури и во Молдавија, а претставува контаминација на елен и тур. Според него, овој лик го презема името на тур[8]. Распространетоста и варијантите упатуваат на древноста на овие игри во кои учествуваат ликови како што се: кобили, турици, јунци и др. во Европа, во традиција која ги надминува политичките, јазичните и верските поделби на христијанската историја. И двете маски најчесто претставуваат доминантни фигури кои со својата височина ги надминуваат другите учесници во поворката, облечени во крзно. Зооморфните ликови обично се делат на двоножни и четириножни. Двата типа маскирање се забележуваат при олицетворението на коњот[9]. Оваа маска се среќава и во Македонија и во Словачка, а може да биде прикажана на двата начина: со еден човек кој оди исправено, или со двајца учесници од кои едниот оди исправено, а другиот наведнато. Во двата случаја изведувачите се замотани со покривка и секогаш носат коњски череп, а поретко се употребува дрвена глава[10]. Маската на коњот во Словачка се сретнува, освен во календарските карневалски обреди, и во семејната обредност, односно за време на свадба[11]. Во Словачка маската на коњот е карактеристична за урбаните ареали за време на карневалските процесии, особено меѓу еснафите и кожарите. На сличен начин како коњот се конструира и маската на камилата. Оваа маска почесто спаѓа во редот на четириножните маски и во нејзината визуализација учествуваат двајца учесници. Камилата во маскираните поворки во Македонија во минатото била дел од традиционалните маскирани поворки, а денес се среќава во современите карневали. Маскираните животински ликови претставуваат трага од шумските божества, па така тука можеме да го вброиме и духот со козји изглед, со симболика на заштитник на стоката. Во постарите маски секако спаѓа ликот на јарецот или козата, но денес оваа маска на теренот во Македонија не се среќава, а во Словачка се среќава во регионот на северен Спиш, како и во регионите на Липтов и Гемер. Овенот меѓу митските ликови има богата симболика. За тоа зборува неговата врска уште од најдлабоката старост со митовите, обредите и изведбите кај различните народи. Овенот во обредите со маски има својства на медијатор, поради што е животински класификатор на зоните во космосот, а оттука произлегува и неговата врска со временските циклуси. Во однос на овој лик допуштаме смената на карактеристичните бои да му припаѓа на одреден космички топос кој се карактеризира преку бојата. Маскираните за време на покладите вообичаено се делат на две групи, облечени во црни овчи или козји кожи. Во својство на медијатор и како носител на полов нагон, овенот го осигурува обновувањето на животниот циклус и најопшто се јавува како симбол на вечната издржливост. Поврзан со првичниот нагон на огнената оплодувачка стихија, овенот е и уништувачки елемент. Тој истовремено оплодува и издржува, но и ранува и убива, што покажува дека сликата на овенот е двојно хипостазирана[12].

Со текот на времето, кога обредните дејства поврзани со „магискиот лов“ почнуваат да го губат своето значење, па брзината и умешноста го отстапуваат своето место на староста и мудроста, маскирањето во животно се заменува со преобразувањето во предокот. Според истражувачите, поместувањето од зооморфното маскирање кон антропоморфното маскирање воедно ни носи нови можности за себеизразување. Отворајќи го патот за изразување на своите способности воедно и ги бара истите од него. И така, ако во првобитниот степен на изведбата на ритуалот сите можеле да бидат учесници, сега се

[6] BAROJA, Julio Caro. *La Carnaval.* Paris 1979. p. 270-271.
[7] SLIVKA, Martin. *Slovak Folk Masks*. Bratislava 1990. p. 38.
[8] KURET, Niko. *Maske slovenskih pokrain.* Ljubljana 1984. str. 44-48.
[9] LOZICA, Ivan. *Poganska baština*. Zagreb 2002. str.126.
[10] Повеќе за маската на коњот во Европа, за нејзината распространетост и сличните појави, како и хипотезите за потеклото, види во книгата BAUMEL Jean. *Le “Masque – Cheval”*, Paris 1954. p. 11-27.
[11] KOMOROVSKÝ. Ján. *Traditional Wedding at the Slavs*, Bratislava 1976. p. 268.
[12] CHEVALIER Jean, GHEERBRANT Alain, *Rečnik simbola*. Zagreb 1983. str.111-113.

изделуваат „специјалисти“. Тие прераснуваат во определена каста, бранша и од лаикот ја чуваат тајната на својот занает. Особено ако се знае дека предокот како фигура ниту одблизу не е така издиференциран како животното, можеме да кажеме дека ваквото поместување во однос на маскирањето пред творечката фантазија на народниот творец отвора нови можности. Култот на предците навистина може да биде инсцениран врз база на чиста имитација, но неговото оддалечување кај човекот ги поттикнува неговите способности за симболично размислување, онака како што култот на животните не можел да ги поттикне. Маската, која е главниот репрезент на ликовниот елемент во ритуалниот синкретизам, отсекогаш заземала значајно место, а во оваа фаза на развојот на обредноста доаѓа до полн израз. Така наместо поранешната едноставна функција, симболизирање на силата на лавот или лукавоста на лисицата, таа сега се наоѓа пред функцијата да симболизира духовна реалност во која се вкрстуваат цели низи на содржини и значења, кои во поголемиот број случаи и немаат никаква конкретизирана претходна егзистенција туку прв пат се конкретизираат како посебна целина низ самата маска. Таа на тој начин станува комплетен и до крај остварен симбол. Од антропоморфниот начин на маскирање, денес како присутни ги забележуваме ликовите на дедото, бабата, невестата, зетот и др. Младиот или стариот пар веројатно претставуваат резултат на магијата на плодноста. Маските - дедо и баба веројатно потекнуваат од култот на предците, а како такви, тие се потпора на општата плодност. Сепак, претпоставката е дека овие ликови се нешто понови по своето настанување и дека се појавуваат откако се „затемнил симболизмот на зооморфните ликови“. Тоа го потврдува правилото дека знаковата суштина на симболите се менува низ времето, добивајќи нови содржини и значења. Со текот на времето доаѓа до нивна замена, а сепак, во составот на обредниот комплекс во фолклорните претстави маската сè уште е обележана со некогашните магиски функции. Она што прави впечаток е тоа што ликовите кои се во фаза на метаморфоза можат да бидат маркирани како полу или како наполно метаморфизирани од една состојба во друга. Маските што ги претставуваат душите на покојниците се карактеристични за машките поворки во Македонија, тие ја чуваат врската со предците, а од денешна перспектива, може да се каже дека разликите меѓу манистичките маски и анимистичките маски на аграрниот култ се изгубени. Маските ги обединуваат двете традиции. Како предци тие се истовремено и добри и лоши, бараат дарови и го земаат од куќите она што ја обезбедува нивната обредна функција, истовремено казнуваат и благословуваат. Дури и шегите што ги прават овие дружини со домаќините можат да бидат толкувани како право на предците да им судат на своите потомци. Во прилог на претпоставката дека тие му припаѓаат на култот на предците, може да ги означиме и начинот на движење и тропање на нозете, кое се толкува и како будење на духовите на земјата за подобра плодност. Според кажаното, маскираните поворки кои се појавуваат за време на „некрстените денови“ ги имаат атрибутите на демони. Тие се маргинални, одделени од нормата, асиметрични. За митското сознание, тие не се маскирани туку се токму такви какви што ги демонстрира надворешниот облик, костимите и нивните слики. За ваквото разбирање на светот е табуто на времето поврзано со „некрстените денови“ и покладите, кога се верува дека световите се отворени и демоните шетаат меѓу луѓето. Паралелата при споредбата на маскираните поворки ни кажува дека постојат голем број ликови кои се повторуваат во двете традиции, особено антропоморфните маски на зетот и невестата, како и на бабата и дедото. Тоа ни укажува на богатството од форми и изразни средства во маскираните поворки, при што сличностите ги наоѓаме во основните принципи врз кои се градени фолклорните обрасци, а разликите (варијантите) во влијанијата што го извршиле историскиот развој, условите со кои се надградувало и збогатувало одредено дејство, но исто така, никако не смееме да ги заборавиме влијанието и индивидуалниот талент на актерите, кои имаат несомнен придонес во надополнувањето на изведбата и давањето белег на фолклорните изведби.

Прашањето со ликовите на бабата и невестата во маскираните поворки е тесно поврзано и со инверзијата на половите. Инверзијата на полот во фолклорот е интересна појава, со која се занимавале голем број истражувачи. Тие сметаат дека со замената на полот се внесува неред во природниот ред, се менува индивидуалната улога во светот. Иванов трансвестизмот во обредите со маски го објаснува со култот на андрогинот[13]. Архетипот

[13] IVANOV, Vjačeslav. The semiotic theory of carnival as the inversion of bipolar opposites. In ECO Umberto IVANOV,

на андрогинот како безвременски составен дел од човековата свест може секако да биде извор на поединечните култови, темелени врз митовите за андрогинот во различни цивилизации и во различни времиња. Мажот облечен во старица не е маж туку баба, а мажите облечени во чудовишта се поистоветуваат со она што го претставуваат, па затоа во овие обредни дејства е забрането нивното деперсонифицирање. Анализата покажува дека смисловно тие се ограничено поврзани и заемно заменливи во различните текстови што тешко може да се проникне во семиозисот. Од друга страна, митското мислење не дозволува да се смени саканата насока, по која треба да се ориентира затоа што евентуалното вкрстување на патиштата би довело до изместување на редот на земјата. Покрај половата инверзија во современите обреди со маски, сè повеќе се среќава и возрасната инверзија. Тоа доаѓа од таму што во обредите со маски улогата на децата се менува.

Денес сме сведоци на нивна обнова и ревитализација, но со поинаква функција и намена. Во оваа смисла, исто така е евидентно намалувањето на магиската страна на овој вид фолклорно творештво, при што може да се забележи сè поголемата присутност на забавната функција на маските и маскирањето. Но, промените кои настануваат во обредите со маски не значи дека тие излегуваат од народната култура. Маските не се создадени еднаш засекогаш – тие се менувале со текот на времето под влијание на различните општествени околности и добивале различни улоги и значења. Така во поворките се појавуваат маски кои често репрезентираат различни општествени улоги како што се: лекар, војник, полицаец, поп, а покрај професии со овие маски често се имитираат одредени националности и религии, па така многу често, наместо парот невеста-младоженец, старец-старица, се појавува парот Циган-Циганка.

Маските што означуваат натприродни и мистериозни суштества секако се оние што доаѓаат од светот на стихиите. Во Словачка под оваа категорија ќе ги подведеме маските кои ја персонифицираат вегетацијата и спаѓаат во редот на т.н. молчаливи маски. Тука особено е карактеристична маската на човекот од слама. Оваа маска е симбол на жетвата, но и на желбата за изобилство и богатство. Од другите маски овде ќе ги спомнеме маските на ангелот, потоа маската на духот, св. Микулаш и маската на ѓаволот. Сите овие маски најчесто се среќаваат во деновите околу Божиќ. Како што се гледа од називите на маските, тие се настанати и се директна рефлексија на влијанието на христијанското учење. Според Сливка, маската на ѓаволот е христијанска метафора за паганскиот демон на злото, во него се сублимирани моќите на пеколот на земјата[14], додека маската на ангелот е симбол на доброто и правдата. За словачката традиција е карактеристичен ликот на св. Миклош, кој ги пренесува културалните пораки на средновековното западно христијанство[15]. Овие ликови, како и нивната симболика, се тесно поврзани со христијанството и ги одразуваат доброто и злото. Преку овие ликови, може да се согледа како со текот на времето се менуваат формите и содржината во рамките на обредноста и се создаваат нови значења и симболи, а во сферата на маскирањето навлегуваат нови ликови.

Неизбежен сродник на маската во карневалот е и куклата, која најчесто се пали. Во Македонија овој дел од обредите со маски не се среќава, додека во Словачка горењето на Морена е еден од најстарите сочувани обичаи, преку кој се изразува желбата на луѓето да се премавне студеното време и да се појават зраците на сонцето. Според ова може да забележиме дека Морена ја симболизира зимата, а за да дојде пролетта, таа мора да изгори. Овој лик е направен од слама и е облечен во женски фустан. Несомнено е дека овој обред ги влече своите корени од предхристијанството, а потекнува од верувањето дека природата е контролирана од страна на натприродните сили, со кои е поврзано и менувањето на годишните времиња.

Постоењето на современите маскирани поворки во Словачка и во Македонија ни дава можност за споредба на минатото и сегашноста. Токму врз примерот на маскираните поворки можат да се согледаат некои белези на фолклорните релации. Но, како што вели Лозица[16], ние сме далеку од единството со паганските божества и митовите се заборавени, учесниците во обредите нив ги заменуваат со локални историски преданија или христијански содржини, но симболите и понатаму се повторуваат барајќи нови значења. Божества-

---

Vyacheslav Vsevolodovich. RECTOR Monica, and SEBEOK Thomas A., (ed) *Carnival! Approaches to semiotics Vol.64*, Berlin 1984. p. 11-36.

[14] SLIVKA, Martin. *Slovak Folk Masks*, Bratislava 1990. p. 9.
[15] PANČUKOVÁ, Eva. *Masks in Slovak customs*, In БОЦЕВ Владимир (ед.) *Маски*. Скопје 1996. стр. 90.
[16] LOZICA, Ivan. *Poganska baština*. Zagreb 2002. s.114.

та на плодноста можеле да носат различни идеи, но плодноста останува плодност. Оттука произлегуваат и исти типизирани ликови со различни имиња, но со исти функции во фолклорните изведби. Сите дејства имаат иста цел – изгонување на нечистите сили, од една страна и поттикнување на плодноста, од друга страна, од што произлегува дека културните претстави се процесори на симболичкиот материјал кој на културите им дава дефинитивна форма. Промените што се случуваат при реконструкцијата на обредите со маски се поврзани и со разбирањето на изведувачкиот процес, кој станува начин да се разбере процесот на создавање на културата. Во оваа смисла, треба да се обележи фактот дека обредно-игривиот фолклор има постојаност во изведбата и значењето на дејствата, но исто така секоја изведба е воедно и ново толкување на минатите изведби. Мора да им влеземе во трагата на минатите изведби, но исто така мора да се чуваме од реконструкцијата на т.н. изворно значење. Но, и кога би успеале да го реконструираме, тоа не би требало да нè задоволи: тоа е само значење на претпоставената изведба кое во себе не ги содржи подоцна создадените значења на дијахрониската низа. Со други зборови, тоа значење е само иницијално – тоа не се однесува на историската целина на разгледуваната фолклорна појава и не мора да го зафати битот на таа целина. Но, од денешна перспектива гледано, може да кажеме дека маските ја надминуваат својата првобитна намена, бидејќи тие маски се подолговечни од луѓето што ги носат и од материјалот од кој се направени. Тоа ни укажува дека тие имаат посебно место во фолклорот, и покрај трансформациите и нестабилноста, кои се составен дел на секоја нова изведба, што ги прави постојано нови и привлечни за учесниците и публиката, и покрај клишеизираните одредници преземени од обредноста. Тие и денес се привлечни и атрактивни не само за локалното население туку и пошироко, што води кон нивна понатамошна промена, при што обредите со маски и карневалите стануваат туристички и културни манифестации преку кои се промовира регионот или местото каде што се одвиваат.

SUMMARY: *Masked Rituals in Macedonia and Slovakia.* In the folklore tradition of Slovakia and Macedonia there are quite a few similarities in terms of the themes, motifs and forms of expression. Certain parallels can be drawn not only in the oral literary genres, but also in other folklore forms. One of those forms is the masked ritual processions. They are firmly based in both traditions, because they sustain the relation to pagan rituals and beliefs. At the same time they are closely related to Christianity and the church calendar. It can be said that the changing of seasons, especially from winter to spring, is marked every year in various parts of Europe with different rituals, in which masked characters have a significant role. The goal of this paper is to comparatively analyze the similarities and point out the specifics of masks and masking and rituals connected with them in Macedonia and Slovakia.

prof. Katerina Petrovska Kuzmanova, PhD.
Institute of Folklore „Marko Cepenkov"
University „Ss.Cyril and Methodius", Skopje
Ruzveltova, No.3, Skopje
kpkuzmanov@yahoo.com